**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I Бр. 25 – 139
____. 08.2013 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005 и 110/2008) и член 21 став 3 и 7 од Законот за техничката инспекција (“Службен весник на Република Македонија” бр. 88/08, 119/10, 36/11и 136/11), постапувајки по барањето на правното лице ДТПУ „ЕЛКО-ИНГ“ ДООЕЛ Струмица со бр. 18-949/1 од 27.06.2013година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања

**1.** Се донесува Решение за правното лице ДТПУ „ЕЛКО-ИНГ“ ДООЕЛ Струмица за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на електроенергетска опрема:

- постројки и нивните составни делови за производство на електрична енергија;
- постројки и водови наменети за трансформација и пренос на електрична енергија;
- постројки, инсталации и водови за дистрибуција на електрична енергија;
- постројки и нивните пропратни уреди наменети исклучиво за вршење на електрични и електроенергетски мерни испитувања;
- електрични уреди и производи, за номинален напон од 380 V или повисок, со моќност поголема од 1000 W; и
- електрични производи и уреди за производство на електрична енергија, за номинален напон од 220 V до 1000 V.

**2.** Правното лице од точка 1 на ова решение е должно постојано да ги исполнува условите од членовите 23 до 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правното лице ДТПУ „ЕЛКО-ИНГ“ ДООЕЛ Струмица, до Министерството за економија Државен инспекторат за техничка инспекција поднесе барање со бр.18-949/1 од 27.06.2013 година, за донесување на решение за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на електроенергетски постројки и електрична опрема дефинирани во член 3 од Правилникот за користење на електроенергетски постројки и електрична опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2010 и 54/2011).

Директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција со допис бр. 18-949/2 од 19.07.2013 година го извести Министерството за економија дека правното лице ДТПУ „ЕЛКО-ИНГ“ ДООЕЛ Струмица, ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на електроенергетски постројки и електрична опрема согласно член 21 од Законот за техничка инспекција и членовите 13, 14 и 15 од Правилникот за користење на електроенергетски постројки и електрична опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2010 и 54/2011)

Врз основа на Известувањето од Државниот инспекторат за техничка инспекција за исполнетоста на условите на правното лице ДТПУ „ЕЛКО-ИНГ“ ДООЕЛ Струмица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, со бр.18-949/2 од 19.07.2013 година и доставените документи:

- Решение за упис во Централниот регистар на Република Македонија со Деловоден број 30820130001417,
- Полиса за осигурување на имоти бр. 6000190000012 од друштво за осигурување ВИНЕР Виена Иншуренс Груп,
- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успехот од ЦРРМ под број 0904-50/150820130000061 од 20.06.2013 година,
- докази за вработениот стручен кадар (образец М1/М2), за седум вработени лица и тоа: четворица дипломирани електротехнички инженери (Филип Христов, Бојан Илиев, Атанас Илиев и Зоран Ристов), дипломиран машински инженер (Кирчо Гошев) и двајца техничари (Васил Басмаџиев и Ѓорѓе Манчев) и
- Сертификатот за акредитација со Прилог за опсегот на акредитацијата Број ИТ – 019 од 26.06.2013 година, издаден од Институт за акредитација на Република Македонија,

се утврди дека се исполнети условите за донесување на ова РЕШЕНИЕ.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение незадоволната странка, во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, има право да поведе спор пред Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР**
**Valon Saraqini**

ДОСТАВЕНО ДО :
- **подносител на барањето**
- **архива**
- **ДИТИ**
- **ИАРМ**

| | |
|---|---|
| Изработил: | Пеце Андоноски |
| Контролирал: | Нериман Џеладини |
| Согласен : | Билјана Д. Стојановска |
| Одобрил: | Анче Трифунов |